Office of the Public Advocate

# Администрација

*Донесување финансиски и правни одлуки во име на возрасно лице кое не е во состојба да ги донесува истите*

Administration - Macedonian

## Што е тоа администрација и како функционира?

Адмминистрација е назначување на лице (‘администратор’) да донесува финансиски и правни одлуки во име на возрасно лице со онеспособеност (‘претставувано лице’) кога самото не е во можност за тоа.

Сите возрасни лица постари од 18 години, независно од онеспособеноста, имаат право да решаваат за себе. Освен во случај, кога биле способни да донесуваат решенија, тие назначиле лице да ги раководи нивните правни и финансиски работи со долготрајно полномошно (финансии), а сега ја изгубиле способноста.

Административна одлука може да се добие и преку правниот систем започнувајќи со барање доставено до Guardianship List при Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT).

VCAT го сослушува проблемот и, ако е потребно, назначува администратор да донесува одлуки за правните и финансиските работи на претставуваното лице.

Решенијата на администраторот имаат подеднакво правно значење како самото претставувано лице да ги направило.

## Кога е потребна администрација?

Администрација е потребна кога:

- лице со онеспособеност е во опасност зашто не може самото да ги раководи своите правни и финансиски работи
- треба да се донесе одлука во нивно име.

## Какви решенија може да донесува администраторот?

Администраторот може да донесува само правни и финансиски решенија за претставуваното лице, како раководење со банкарските сметки, плаќање на сметките или продажба на имот.

Администраторот не може да донесува лични решенија и решенија за начинот на живот, на пример каде ќе живее лицето, или каква здравствена грижа му е потребна. Улогата на администраторот е да обезбеди лицето да живее во рамки на неговите можности.

## Кој го назначува администраторот?

VCAT го назначува администраторот. Мора да се утврди дека претставуваното лице:

- има онеспособеност
- не може да донесува разумни финансиски и правни одлуки заради онеспособеност
- треба да донесе одлука и дека не постои друг помалку ограничувачки начин на донесување на решение од назначување на администратор
- има потреба од некој да делува во негов најдобар интерес.

## Кој може да биде администратор?

VCAT може да назначи поединец како роднина, пријател, правник или сметководител; или организација како State Trustees Limited или приватна трастее компанија. VCAT треба да назначи администратор кој компетентно ќе ги раководи работите на претставуваното лице и во негов најдобар интерес.

Кога решава кого да назначи, VCAT мора да ги земе во предвид желбите на претставуваното лице, во мерка во која можат да се исполнат, како и на членовите на семејството и заинтересираните страни.

Ако нема никој достапен или нема согласност меѓу семејството или пријателите за тоа што е најдобро за претставуваното лице, може да биде поставен независен администратор.

## Кои се одговорностите на администраторот?

Администраторот мора да донесува решенија кои:

- го заштитуваат претставуваното лице од повреда, експлоатација и занемарување
- се во најдобар интерес на претставуваното лице
- ги земаат во предвид желбите на претставуваното лице
- го охрабруваат претставуваното лице и самиот да донесува одлуки, кога може.

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

Финансиските интереси на администраторот не смеат да бидат во конфликт со оние на претставуваното лице.

## Која е постапката за барање?

Да се бара администратор треба да се побара формулар од VCAT. Формуларот може да се побара преку телефон, по пошта или да се симне од интернет страната на VCAT на www.vcat.vic.gov.au. Врска кон формуларот ќе најдете и на интернет страната на OPA на www.publicadvocate.vic.gov.au

Се препорачува да се јавите на OPA's Advice Service на 1300 309 337 за да разговарате дали администрација е неопходна и кои додатни работи се потребни со барањето.

По добивање на барањето VCAT ќе закаже ден за расправа. Итните барања ќе бидат сослушани колку што е можно побрзо. Сите други барања ќе бидат сослушани во рок од 30 дена.

## Расправа во VCAT

VCAT е помалку формален отколку суд и се обидува да им помогне на луѓето да се чувствуваат комфорни и опуштени.

Ако некој не може да патува на расправата, VCAT може да се согласи да прифати докази по телефон.

VCAT не е обврзан со правни закони за докази и не мора да користи формални правни постапки. Меѓутоа, расправите мора да се одвиваат според принципите на природната правда (на пример, праведно и непристрасно).

Правна застапеност во VCAT не е неопходна, иако луѓето кои присуствуваат на расправите може да побараат од VCAT да им дозволи да донесат адвокат.

## Пресуди во итни случаи

OPA и VCAT имаат итна служба која работи 24-часа. Ако VCAT смета дека предметот е итен, може да се донесе привремена административна пресуда до 21 ден. Пресудата може да се продолжи уште за 21 ден.

Пред истекот на пресудата VCAT мора да одржи расправа за да реши дали е потребна администрација.

## Времетраење на пресудата

Пресуда може да трае намногу до три години. Сите пресуди ќе бидат преразгледани од страна на VCAT во рок од три години и може да бидат поништени.

Ако преставуваното лице умре и пресудата престанува да важи.

## Повторни расправи

Ако некој верува дека VCAT донел погрешна одлука, може да бара повторна расправа во рок од 28 дена од решението.

## Пресуди во различни држави

Можно е да се регистрираат административни пресуди од Викторија во други држави и обратно.

За повеќе информации контактирајте ја OPA.

## Заштита

Следните заштитни мерки помагаат за администраторите да делуваат во најдобар интерес на претставуваните лица:

- администраторите можат да побараат совет од VCAT во секое време
- приватните администратори мора редовно да ги прикажат сметките на претставуваните лица за контрола, како што е пропишано од страна на VCAT
- администраторите не можат да инвестираат пари во недвижности или хартии од вредност, освен во одобрени инвестиции, без одобрение од VCAT
- секое лице кое верува дека администраторот не делува во најдобар интерес на претставуваното лице може да бара преразгледување до VCAT.

**The Office of the Public Advocate** е независно тело основано од страна на Владата на Викторија. Тоа работи на промовирање на интересите, човечките права и достоинството на жителите на Викторија со онеспособености. Тоа пружа информации, совети, образување и помош со застапништво, старателство, полномошна и согласности за лекување и забни постапки.

**The Office of the Public Advocate** подржува три доброволни програми, Community Visitors Program, Independent Third Persons Program и Community Guardianship Program. Community Visitors го надгледува квалитетот на услугите за онеспособени лица заради заштита на правата на овие луѓе. Independent Third Persons обезбедува подршка за луѓе со когнитивна онеспособеност или ментална болест кои имаат контакт со полицијата. Community Guardians се доброволци назначени како старатели за луѓето во Викторија со когнитивна онеспособенст кои не можат да донесуваат решенија за себе си.

**За повеќе информации појдете на: www.publicadvocate.vic.gov.au** или јавете се на нашата линија за совети на 1300 309 337 (по цена на локален повик).

08/09